Приватен НАУЧЕН ИНСТИТУТ
ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр 02-117/1
15.06 2014 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак: 0204
Рок на чување: трајно год.
15.06 2014 година
Потпис

# *РЕФЕРАТ*

**за избор во наставно-научно звање насловен научен соработник/доцент во областа на Финансиски менаџмент**

Со Одлука бр.02-82/1 од 02.04.2014 година донесена на 32-та седница на Научниот совет на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - Скопје одржана на 02.04.2014 година, определени сме за членови на Рецензиона комисија за избор на еден наставник во насловно звање научен соработник/доцент за областа на **Финансиски менаџмент** на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - Скопје.

Јавниот конкурс за овој избор беше објавен во дневниот весникот „Нова Македонија" од 19.03.2014год. и во предвидениот рок се пријавија следните кандидати:

- Д-р Јордан Ќосевски од Охрид, роден 11.04.1981 година, доктор на економски науки. Магистер на науки од областа на осигурувањето. Работно искуство од 5 години во банкарскиот сектор во одделот за советување на мали бизниси. Има напишано и објавено повеќе научни трудови и има учествувано на повеќе конференции.
- Д-р Илија Андовски од Штип, роден 17.11.1984 година, доктор на економски науки. Магистер по економски науки на насоката монетарна економија. 5 годишно работно искуство како самостоен супервизор во Дирекцијата за теренска супервизија на Народна банка на Република Македонија. Има посетувано голем број на домашни и меѓународни конференции и има публикувано повеќе научни трудови.

Врз основа на приложената документација и разговорот со кандидатите во однос на нивното професионално искуство и очекувања од изборот, чест ни е на Научниот совет на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - Скопје да му предложиме да биде избран кандидатот д-р Илија Андовски, за што го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**<u>Биографски податоци</u>**

Д-р Илија Андовски е роден на 17.11.1984 година во Штип, Република Македонија. Средно образование завршува во Гимназија "Стив Наумов"-Пробиштип. Во академската 2003/2004 година се запишува на Економскиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј " во Скопје, каде што дипломира во јуни 2007 година и се стекнала со звањето дипломиран економист.

Во академската 2007/2008 година се запишува на последипломски студии на Економскиот факултет, при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, отсек монетарна економија. На 09.12.2010 година успешно го одбранил магистерскиот труд со наслов „Управување со ликвидносниот ризик во комерцијална банка со посебен осврт на нивото на ликвидносниот ризик во банкарскиот сектор во Р. Македонија", со што се стекнал со звање магистер по економски науки.

Во септември 2011 година на Економскиот факултет при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје пријавил изработка на докторска теза под наслов "Примената на Базел III во банкарското работење со посебен осврт на воспоставените механизми за заштита од финансиски кризи". На 16.12.2013 година, успешно го одбранил докторскиот труд под горенаведениот наслов и се стекнал со научен степен доктор на економски науки.

По завршувањето на додипломските студии д-р Илија Андовски работи како супервизор во рамки на Дирекцијата за теренска супервизија во Народната банка на Р. Македонија.

**<u>Наставно-образовна и научноистражувачка дејност</u>**

Кандидатот има напишано и објавено повеќе трудови меѓу кои:

1. Томе Неновски, Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, The importance of the service sector for the banking industry. The case of Macedonia, XII МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА УСЛУЖЕН СЕКТОР, Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола
2. Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, Стопа адекватности капитала у македонском банкарском систему након имплементације БАЗЕЛ III, EKONOMIKA, Društvo ekonomista "Ekonomika", Niš
3. Томе Неновски, Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, The EU membership and its effects on the banking system in Republic of Macedonia, Прва Меѓународна конференција во организација на Универзитетот Гоце Делчев од Штип со тема: "Од либерализација до глобализацијата – предизвици во светот што се менува", Штип, 2012 година
4. Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, Challenges of the Supervisory Boards from the lessons learned by the crisis, 4 th International Conference on Governance Fraud Ethics and Social Responsibility, Trakya University Social Graduate School & Bradford College, Турција, 2012 година
5. Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, Ризично базирана супервизија, Хоризонти II, Битола, 2012 година
6. Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, Supervision credit risk measures in the time of crisis: The case of Macedonia, Economy and market communication review, 2012 година, Босна и Херцеговина
7. Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, Banking services in terms of changing environment: the case of Macedonia, Elsevier Ltd, 2012 година

8. Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, The impact on the banking system from the accession of Macedonia in the EU, Конференција во организација на University American College Skopje, Скопје, 2012 година
9. Евица Д. Јолеска и Андовски Илија, Регулаторни мерки за намалување на ликвидносниот ризик кај банките за време на финансиската криза: случајот на Република Македонија, Хоризонти II, Битола, 2011 година

Има учествувано на повеќе меѓународни / регионални семинари, конференции, и обуки меѓу кои:

- Applied Risk Management - Market, Liquidity and Operational Risk, The Financial Stability Institute, Beatenberg (јуни 2013 година)
- Интернационална законска регулатива за банкрот, Закон за даноци и трговски друштва, Корпоративно финансирање, Duisenberg school of finance, Холандија (септември 2011 година)
- Банкарска регулатива и супервизија, Вреднување на проекти и корпоративно управување, Duisenberg school of finance, Холандија (мај 2011 година)
- Регулативата во ЕУ, ЕСВ, Словенија (октомври 2010 година)
- Зајакнување на макро и микро-прудентната супервизија на ЕУ членките и кандидатите за членство, ЕСВ, Виена (јуни 2010 година)
- Макро-прудентна супервизија-лекции кои треба да се научат од кризата, ЕЦБ, Хрватска (мај 2010 година)
- Статистички методи за моделирање на финансиски ризици, НБРМ, Скопје (декември 2009 година)
- Target 2, Централна Банка на Холандија, Скопје (септември 2009 година)
- Семинар за ИФРС, НБРМ, Скопје (април 2009 година)
- Интерно контролно опкружување и ревизорска функција, НБРМ, Скопје (март 2009 година)
- Корпоративно управување и управување со ризици и системи, НБРМ, Скопје (март 2009 година)
- Интернационален семинар за органи на управување во банки, НБРМ, Скопје (февруари 2009 година)
- Основи на ревизија за супервизорски функции, Централна Банка на Холандија (јануари 2009 година)
- Управување со кредитен ризик, НБРМ, Скопје (ноември 2008 година)
- Основни принципи на кредитирање, УСАИД, Скопје (септември 2008 година)

Доколку ги квантифицираме вредностите на д-р Илија Андовски, согласно одредбите на постојните позитивни прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, би можеле да ги определиме следните поени:
10(НО) + 25(НИ)+ 10(САОР)= 45 поени

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид претходно наведените податоци, рецензентската комисија заклучи дека кандидатот д-р Илија Андовски има потенцијал за научно-истражувачка работа, има повеќегодишно работно искуство во областа на бизнисот и менаџментот, како и афинитети за научно -истражувачка работа. Оттука може да оцениме дека д-р Илија Андовски ги задоволува не само законски предвидените критериуми и интерните критериуми за да биде вклучен во наставно-образовните и научно-истражувачки активности што се реализираат на Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА - Скопје, во областа на Финансискиот менаџмент.

Затоа на Научниот совет на Институтот му предлагаме да го избере д-р Илија Андовски во насловно звање научен соработник/доцент **во областа на Финансискиот менаџмент.**

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Проф.д-р Благоја Наневски, редовен професор ____________________

2. Проф. д-р Весна Стојанова, редовен професор ____________________

3. Проф. д-р Антонија Јосифовска, редовен професор ____________________